Мнозинството граѓани **61,5% би гласале против** на референдум на кој би било поставено прашањето: „Дали се согласувате со промена на името во
**Република Илинденска Македонија**
“?
**Споредено со резултатите на теренската анкета**
спроведена во април 2018, за граѓаните
**додавката Илинденска е помалку прифатлива од додавката Горна**
. Вкупно 41,5% би прифатиле промена во Горна, споредено со 27,2% кои би прифатиле Илинденска. Ова го покажа последното телефонско истражување на МЦМС и М-Проспект.




Гледано демографски, за **“Не”** би гласале **мнозинството од етничките Македонци** (70,5%) и големо мнозинство од
**симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ**
(92,7%). Мнозинство од

**етничките Албанци** (52,8%) одговориле дека **Република Илинденска Македонија за нив е прифатливо решение** како и за мнозинството од симпатизерите на СДСМ (56,4%) и на ДУИ (62,5%).

Нешто **повеќе од една третина** од испитаниците 38,9% би гласале „Да“ на референдум на прашањето: „Дали се согласувате со **промена на името во Република Илинденска Македонија кога земјата ќе стане членка на ЕУ?**“. Споредено со резултатите на теренската анкета, спроведена во април 2018, многу е поприфатлива опцијата **Република Горна Македонија**, кога земјата би влегла во ЕУ (47,6%).

**Речиси две третини од етничките Македонци** (63,8%) би гласале со **“Не”. Големо мнозинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ** (89,5%) исто така **не би го подржале овој предлог**.

**Предлогот е прифатлив за речиси три четвртини (72,1%) од етничките Албанци, како и за симпатизерите на СДСМ** (71,8%) и симпатизерите на ДУИ (88,8%).

Испитувањето на јавното мислење е спроведено со **телефонска анкета** во периодот **23 мај – 26 мај 2018 г.** на национален репрезентативен примерок од 1.047 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население **постаро од 18 години**, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Собраните податоци се обработени со **честота и пропорција на одговорите**. Податоците се со веројатност на точност од **95%** и со грешка +/- 3 %.